Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **музички стимулации и ритмички вежби** за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **оштетен слух** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКИ СТИМУЛАЦИИ И РИТМИЧКИ ВЕЖБИ

IX ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2015

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да запознае нови песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина по слух и по ноти (наглуви ученици);
- да се поттикнува за слушање на музичко дело;
- да запознае разни видови музички дела;
- да ги именува музичките елементи на музичко-сценските дела;
- да препознава и разликува разни музичко-сценски дела;
- да стекнува сознанија за животот и творештвото на одредени композитори;
- да се запознае со претставниците на популарната музика во Македонија;
- да ги запознае жанровите на популарната музика;
- да ја запознае улогата на музиката во филмот;
- да формира музички вкус;
- да ги проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост;
- да ги препознава и именува видовите инструменти;
- да ги продлабочува знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво;
- да развива умеења и навика за примана на ИКТ при реализација на поставените задачи.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ И АРТИКУЛАЦИЈА (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>-да знае да применува правилна артикулација на гласовите;<br><br>-да знае што е пеење, а што говор;<br><br>- да пее песни различни по содржина и карактер и мелодиски и ритмички во соодветно темпо;<br><br>- да пее песни различни по содржина и карактер и мелодиски и ритмички соодветна динамика. | - Правилна артикулација (дишење и фонација на говорните органи)<br><br>- Пеење и говор | | - Вежби за правилна артикулација, држење на телото, вежби за дишење (да изведува движења на говорните органи без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамената, без викање и др.).<br>- Изведба на куси реченици, бројалки и брзозборки со точен ритам и јасна дикција (пр., бројалки и брзозборки познати на учениците).<br>- Тактирање елементарни вежби и песни.<br>- Обиди за пеење/тактирање песни различни по содржина и карактер (до две строфи).<br>- Обиди за пеење/тактирање на мелодиски и ритмички вежби со примена на различити темпа.<br>- Обиди за пеење/тактирање на мелодиски и ритмички вежби со примена на динамичко нијансирање.<br><br>**Напомена:** Наставникот треба да внимава опсегот на песните да одговара на можностите на учениците. Доколку оштетувањето на слухот не овозможува совладување на вежбите за пеење, тогаш се зголемува бројот на часовите со вежбите на артикулација и тактирање. Песните треба да се реализираат само до две строфи. |

| 2. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (6 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да препознава и применува F- dur скала;<br>- да ги препознава и применува знаците за промена на висината на тонот;<br>- да препознава и применува d-moll скала скала;<br>- да ја сфати поделбата на трите видови на молската скала;<br>-да ги препознава и разликува трите видови на d-moll скалата;<br>- да ги воочува разликите на скалите F- dur и d-moll; | **- Дурски тонски скали со бемол**<br><br>**- F- dur скала**<br><br>**- d-moll скала (трите видови)** | - Си bemol (b)<br><br>-F- dur скала<br><br>Природен, хармонски и мелодиски мол | -Вежби за визуелно препознавање на знакот Си bemol (b).<br>-Вежби во F-dur скалата со анализа на нејзините елементи кои се сретнуваат во вежбите.<br>-Вежби за запишување, визуелно препознавањена скалата d-moll (трите видови) и нејзините елементи.<br><br>-Вежби во d-moll трите видови (природен, хармонски и мелодиски) со анализа на нејзините елементи кои се сретнуваат во вежбите. |
| -да ја препознава и применува ритмичката појава синкопа;<br><br>- да го усвои поимот нерамноделен такт;<br><br>- да го сознае 7/8 нерамноделен такт. | **- Ритмичка појава:** синкопа<br><br>**- Нерамноделен 7/8 такт** | - Синкопа<br><br>- 7/8 такт | **-Вежби за препознавање на синкопа:**<br>- читање на ритмички вежби со синкопа;<br>- утврдување на сите изучени поими преку ребуси, крстозборки и др.<br><br>**- Музички примери во нерамноделен 7/8 такт:**<br>- откривање на 7/8 такт преку ритмички и мелодиски вежби;<br><br>- воочување на 7/8 такт преку слушање, пеење или играње на примери од музичкиот фолклор. |

| 3. МУЗИЧКО-СЦЕНСКИ ДЕЛА (14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да препознава и разликува разни музичко-сценски дела;<br><br>- да се запознае со животот и творештвото на домашни и странски композитори;<br><br>- да ги запознае карактеристиките на жанрот опера, оперета, балет и мјузикл;<br><br>-да се поттикнува да воочува разликите и сличностите помеѓу музичко-сценските дела;<br><br>-да ги запознае карактеристиките на различни жанрови на популарната музика. | - Музичко-сценски дела:<br><br>- опера<br><br>- оперета<br><br>- балет<br><br>- мјузикл | -Опера<br><br>-Оперета<br><br>-Балет<br><br>-Мјузикл | Запознавање на музичко-сценски дела преку аудио визуелна демонстрација на соодветни примери од домашни и странски автори.<br>Запознавање со биографија и творештвото на композитори преку: слики, текст и др.<br>**Опера:**<br>Запознавање со жанрот опера (специфики на операта). Домашни и странски автори по избор на наставникот.<br><br>**Оперета:**<br>Запознавање со жанрот оперета (специфики на оперета).<br>Странски автори:<br>Жак Офенбах: ,,Орфеј во подземниот свет“<br>Јохан Штраус(помладиот):,,Лилјакот“<br>или друга оперета по избор на наставникот.<br><br>**Балет:**<br>Запознавање со жанрот балет (специфики на балетот).<br>Домашни автори:<br>Т. Прокопиев:,,Лабин и Дојрана“ или друг балет по избор на наставникот.<br>Странски автори:<br>П. И.Чајковски:,,Оревокршачка“<br>или друг балет по избор на наставникот.<br><br>**Мјузикл:**<br>Запознавање со жанрот мјузикл (специфики на мјузикл).<br>Леонард Бернштајн:,,Приказна од западната страна“<br>Вилијам Лојд Вебер: ,,Фантом во операта“<br>или друг мјузикл по избор на наставникот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Различни жанрови на популарната музика (џез, поп, рок и др.) | | Запознавање на примери од различни жанрови на популарна музика по избор на наставникот и учениците. дела преку аудио-визуелна демонстрација на соодветни примери од домашни и странски автори.<br><br>Посета на опера, оперета, балет, мјузикл, како и концерти на популарна музика. |

| 4. МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ја запознае поделбата на музичките инструменти;<br><br>- да ги препознава и воочува разликите помеѓу групите на инструменти (визуелно);<br><br>- да ги разликува, препознава и именува музичките инструменти (визуелно). | Поделба на музичките инструменти на:<br>- жичени, дувачки, удирачки и инструменти со клавијатура.<br><br>**- Жичени инструменти:**<br>трзачки<br>гудачки<br><br>**- Дувачки инструменти:**<br>дрвени<br>лимени (метални)<br><br>**- Удирачки инструменти** | - Жичени инструменти<br>-Дувачки инструменти<br>-Удирачки инструменти<br>-Инструменти со клавијатура<br><br>**- Жичени инструменти:**<br>**трзачки:** харфа, гитара, мандолина<br>**гудачки**: виолина, виола, виолончело и контрабас<br><br>**- Дувачки инструменти:**<br>**дрвени:** флејта, пиколо, кларинет, саксофон, обоа, фагот<br>**лимени(метални):** хорна, труба, тромбон, туба<br><br>**Удирачки инструменти:**<br>**со определена висина на тонот:** тимпани, ксилофон, вибрафон; | - Визуелно препознавање на секоја група на музички инструменти преку презентација на слики, аудио-визуелни примери и сл.<br><br>- Изработка мини проект за секој од инструментите како групно така и индивидуално.<br><br>- Посета на музичко-образовните установи како: основни и средни музички училишта и факултет за музичка уметност.<br><br>- Посета на проба на Македонската филхармонија (Опера) и демонстрација на инструментите во оркестарот.<br><br>- Посета на симфониски концерт. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **- Инструменти со клавијатура** | ***Неопределена висина на тонот: триангл,*** ~~,~~голем тапан, мал тапан, чинели, маракас дајре, кастањети, гонг<br><br>**- Инструменти со клавијатура:** чембало, оргули, хармоника, пијано, пијанино | |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставниот предмет е задолжителен и се изучува со фонд од 1 час неделно, односно 36 часа годишно.

Програмата по музички стимулации и ритмички вежби треба да е во тесна корелација со предметот комуникација. Истата дава можност за интегрирање и со други наставни предмети (македонски јазик и странски јазик, физичко и здравствено обраование). Пред изведувањето на наставните содржини треба да се утврди слушниот статус на учениците со цел правилна процена на можностите и способностите на учениците за усвојување на содржините по овој предмет.

При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и пофалува секој ученик при музичкото изразување и не смее да дозволи да се создаде атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

Со оглед на специфичната природа на слушните оштетувања и корелацијата со предметот музички стимулации и ритмички вежби се препорачува изведување вежби за правилна артикулација и правилно дишење пред започнување на изведувањето на планираните содржини.

Ритмичките стимулации (движињето и играта) влијаат врз развојот на говорот кај глувите ученици. Говорниот апарат треба да е подготвен ритмики да функционира, а слушниот да ги користи остатоците од слухот стимулиран со ритмичките вежби.

Реализирањето на темите Музичко-сценски и  Музички инструменти треба да биде насочено преку аудио – визуелно доживување. Програмата дава можност за организирање посети и како дел од воннаставните активности на музички образовни институции, концерти на Македонската филхармонија, опера, балетска претстава и др. Овие посети и доживувања се од посебна важност за разбирање и доживување на темите како од страна на учениците со  поголеми остатоци на слухот така и на глувите ученици.

Реализацијата на наставните содржини се изведува со употреба на методата на тотална комуникација и сите нови усвоени зборови, односно поими треба да се запишуваат. Од учениците треба да се поставуваат барања, секој ново-усвоен збор или поим да се употреби во различни и нови контекстни ситуации.

- **Годишен фонд на часови**

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** |
|---|---|---|
| 1. | Вокална интерпретација | 4 часа |
| 2. | Музичка писменост | 6 часа |
| 3. | Музичко-сценски дела | 14 часа |
| 4. | Музички инструменти | 12 часа |
| Вкупно: | | 36 часа |

*Забелешка: Бројот  на часовите  е даден ориентационо.*

## НАПОМЕНА ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини. Сепак, наставниот кадар треба самостојно да го планира часовниот фонд за целосно и успешно реализирање на поставените цели од програмата.

Составот на учениците во паралелките во посебните училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта е изразито хетероген заради што наставникот треба да практикува строго диференциран и индивидуализира пристап во рамките на реализацијата на наставата. Ваквиот приод е во функција на индивидуалните специфични потреби што, секако, ќе резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и максимални академски постигања на учениците со оштетен слух.

Во контекст на ова наставниците кои ја реализираат наставата треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка (доколку индивидуалните карактеристики, можности и способности на учениците во паралелката го дозволуваат тоа).
- За учениците чиј степен и попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности, наставникот треба да планира парцијална партиципација во рамките на целите, содржините и активностите кои се реализираат во паралелката.
- Доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен, наставникот пристапува кон изготвување на интерен индивидуален образовен план во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуален образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуален образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

- **Наставни средства:**
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - дидактички средства и материјали;
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (бројчано оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете. Постигнувањата и успехот на учениците се оценува бројчано.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во VIII одделение во деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија;
- факултет за музичка уметност – други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација во акредитирана установа;
- дополнителна дефектолошка дообразба;
- дипломиран дефектолог.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- пее нови песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина по слух и по ноти (наглуви ученици);
- се поттикнува за слушање на музичко дело;
- запознава разни видови на музички дела;
- именува музичките елементи на музичко-сценските дела;
- препознава и разликува разни музичко-сценски дела;
- стекнува сознанија за животот и творештвото на одредени композитори;
- се запознава со претставниците на популарната музика;
- ги запознава жанровите на популарната музика;
- формира музички вкус;
- проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост;
- препознава и именува видови инструменти;
- ги продлабочува знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво;
- развива умеења и навика за примена на ИКТ при реализација на поставените задачи.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставна програма по ***музички стимулации и ритмички вежби*** за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **оштетен слух** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна Наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.12-15108/1

22.09.2015 година

Министер

_________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделнение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор